МУЗЕЈ КУМАНОВО

Национална установа Музеј - Куманово

## ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА

# ВЕСНА СИМОВА



" **МЛАДОСТ** " Акрил на платно 50x60см, 2017

**Уметничка галерија Куманово**

**26 мај 2017 год. ( петок ) 19:30 ч.**

## Дивергентна љубопитност

Честопати се потврдило дека, поради низа причини, неодлучност, колебливост, неопределеност, несигурност или можеби нечии туѓи влијанија, многумина не си ги оствариле детските мечтаења, соништа и замисли за идните професии, стручни едукации, работни квалификации, специјализации... Поединци дури и доцна се "откривале и остварувале" во некои области откако некогаш дури и случајно ја пронаоѓале смислата на внатрешните затскриени персонални интереси и отпосле силно и целосно се посветуваат на "откровението". За жал, некои пак, барем во некој период од животот ниту пројавиле каква-годе наклонетост или барем некакво интересирање, туку дозволуваат инертно да бидат носени од тековите и динамиката на животот. Од друга страна, нескротливи духови, непопустливи темпераменти, непомирливи личности, со сопствената "судбинска предодреденост", дури и многу успешни и препознатливи со своите ангажирања и професионални достигнувања пријатно изненадуваат кога јавно ќе манифестираат активности кои поширокатa јавност ниту ги осознала за нив, ниту им се својствени. Повремено, дури и се добива впечаток дека новите појави и делувања во сосема неочекувани и поинакви полиња се со подеднакво добри и успешни реализации ( во народски жаргон искажано, кога некого го бива, го бива за се ).

Таков е случајот со Весна Симова чија првична персонална и физичка појава покрај тоа што веднаш укажува на префинетост, уште повеќе се заокружува кога се има предвид нејзината смисла и грижа за естетскиот карактер преку салонот за убавина кој го води. Одамнешната наклонетост, карактерна креативна настроеност придружена со очигледен талент и даваат видливи авторски предиспозиции и несомнени достигнувања. Без претензии за доследни, целосни согледби и толкувања на аспектите и двигателите на креативниот ракопис и евидентната хетерогена матрица на авторката, уште на прв поглед можат да се распознаат неколку настојувања со разнородна ликовна естетика. Веројатно поради отсуството на континуираност во творечката ангажираност, но, бездруго и дијапазонот на моментни состојби и емотивни ситуации, придонесува за конституирање на повеќе сосема независни циклуси.

**Весна Симова** е родена 1963 година во Куманово. Дипломира на Филолошкиот факултет во Скопје - Француски јазик и книжевност. Има учествувано на неколку групни изложби на САМОУКИ во Куманово.

Впечатлив и специфичен иконографски образец се забележува во серијата портрети чија ликовна визуелизација е компонирана со артикулирани комбинаторики на пастозна колористичка варијација, модиљановска промисла и стилизација и декоративна шематизираност ( Тајна, Милост, Младост ) вклучувајќи и обид за хиперреалистички, фотографски третман ( Автопортрет ). Не помалку вредносни постигнувања има во апстрактно /асоцијативните творби создавани со грижлива и нежна чувствителност, суптилна лиричност, изнијансиран сензибилитет со дискретна емоционална енергија, поетска носталгичност и повремени таинствени модалитети ( Искра на живот, Изблик, Форма ). Несомнено внимание привлекува циклусот вибрантни нерватури со нагласени вртлозни гестуални динамизми, енергични спирални ритми врз фон од космичка урамнотеженост со фантастични призвуци ( Метаморфоза, Вртлог на животот ).

Иако досегашните остварувања и авторката заслужуваат респектабилен однос, за очекување се натамошни успешни инвентивни посегања продолжувајќи со потпирање на внатрешните креативни жаришта со понагласено, доследно и верно препуштање исклучително на сопствените упоришта.

**Гоце Божурски**



" ВРТЛОГ



“ **АВТОПОРТРЕТ** “ Акрил на платно 39x44см, 2017



“ **МОДИФИКАЦИЈА** “ Акрил на платно 30x40см, 2012



**НА ЖИВОТОТ** “ Акрил на платно 120x40см, 2012



" **ЖЕНА СО ТУРБАН** " Акрил на платно 60x80см, 2017



" **МИСЛА** " Масло на платно 60x45см, 2004



“ **МОРСКА МИСЛА** “ Акрил на платно 60x60см, 2012




“ **ПРОНАОЃАЊЕ** “ Акрил на платно 43x44см, 2017